# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕСТУВАЊЕ
**за користење на услугата бањско - климатска рекреација на корисниците на пензија за 2020 година**

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, врз основа на Заклучокот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија бр.44-178/1 од 14.01.2020 година, ги повикува заинтересираните лица - корисници на пензија, да се јават за користење на услугата бањско - климатска рекреација.

Оваа услуга може да ја користат лица - корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија, остварена според прописите на Република Северна Македонија и одредбите од договорите за социјално осигурување кои што Република Северна Македонија ги применува, а кои живеат на територијата на Република Северна Македонија.

Услугата може да се користи еднаш, во периодот од март до ноември 2020 година, во траење од 7 дена.

Услугата бањско - климатска рекреација опфаќа:

- 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно),
- Бањска терапија,
- Еден задолжителен здравствен преглед и
- Трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење на корисникот до установата во која ќе се користи услугата бањско - климатска рекреација (трошоците за превоз ќе бидат дозначени на трансакциската сметка на корисникот на пензија по користење на услугата).

Лицата - корисници на пензија, кои користат и паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додаток за мобилност или слепило, имаат право на придружник за време на бањско - климатската рекреација.

Услугата бањско - климатска рекреација, се остварува во правни лица, регистрирани за вршење на услуга за бањско - климатско лекување, со кои

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ќе склучи договор.

## Услови за користење на услугата и бодирање:

**Услугата може да ја користат корисници на пензија, чиј износ на пензијата за ноември 2019 година изнесувал до 20.000 денари.**

**Бодирањето ќе се врши зависно од висината на пензијата, од 1 до 100 бода, при што, понискиот износ на пензија ќе носи повеќе бодови.** Доколку корисникот на пензија користи и дел од пензија која се исплатува од друга држава, **при бодирањето ќе се земе во предвид и износот на пензијата која се исплатува и од другата држава.**

## Потребни документи кои корисникот на пензија треба да ги достави за користење на услугата:

За користење на бањско - климатската рекреација, потребно е да се поднесе **Барање** до филијалите и деловниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, според местото на живеење на корисникот на пензија. Барањето го издава Филијалата/Деловницата на Фондот на ПИОСМ.

Доколку корисникот на пензија користи и дел од пензија која се исплатува од друга држава, **задолжително** треба да се достави и **Извод од девизна сметка од банката**.

Корисниците на пензија, кои во 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година ја користеле услугата бањско - климатска рекреација, или бесплатен туристички викенд, не може да ја користат услугата бањско - климатска рекреација во 2020 година.

**Барањата можат да се поднесат од 15-ти јануари до 14-ти февруари 2020 година.**

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, задолжително писмено ќе го извести подносителот на барањето за установата во која ќе биде упатен и периодот на користењето на услугата.

Списоците на корисниците на пензија на кои им е одобрено користење на услугата бањско - климатска рекреација, ќе бидат објавени во филијалите и деловниците на Фондот на ПИОСМ, како и на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика: www.mtsp.gov.mk и на веб-страницата на Фондот на ПИОСМ: www.piom.com.mk.